Сиг. 0802

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, 2008

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 20.06.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3665 | 1 | — |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по јазик и култура на Ромите за IV одделение на деветгодишното основно образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

## 1. ВОВЕД

Наставата по предметот Јазик и култура на Ромите ја дава основата за развивање на јазичниот и културниот идентитет на учениците од ромската заедница. Содржините и целите по овој предмет се реазлизираат со поврзување на клучните наставни подрачја: слушање со разбирање, говорење, читање и пишување, како и со индуктивно усвојување на содржини од граматиката на ромскиот јазик.

Како што е назначено во насловот на наставната програма, во неа се систематизираат и содржини за културата и обичаите на Ромите.

Учениците преку оваа настава ќе ги стекнат основните комуникативни вештини, усвојувајќи ги и применувајќи ги стандардните јазични норми од ромскиот јазик. Исто така, во текот на изучувањето на предметот, учениците ќе се запознаат и со разговорниот и литературниот јазик кои ќе станат составен дел во нивната секојдневна комуникација.

Со изучувањето на јазикот и културата na Ромите ќе се овозможи знаењето и вештините за говорење и пишување на ромскиот јазик да станат основно средство за комуникација на учениците на својот мајчин јазик. Познавањето на стандардно јазичните норми на ромскиот јазик ќе им овозможи на учениците да ги разбираат, доживуваат и раскажуваат различните видови текстови и содржини, развивајќи истовремено кај нив способности за учење, самообразование и самовреднување.

Според наставниот план за основното училиште за предметот Јазик и култура на Ромите во III одделение се планира еден час неделно (36 часа годишно), а во наредните одделенија учениците можат континуирано да го изучуваат овој предмет со по два часа неделно, односно 72 часа годишно до деветото одделение во задолжителното основно образование и воспитание